РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Бр. / Nr. 03-546/2

04-06-2025 20 год. / viti

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе

## РЕШЕНИЕ

### за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted] бр. 03-546/1 од 26.05.2025 година.

## Образложение

На 26.05.2025 година, [redacted], [redacted] до Инспекцискиот совет во е-форма достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-546/1 од 26.05.2025 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена во препис, следната информација:

1. Налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор, издаден согласно Предлог за издавање на налог за вршрње на единечен вонреден инспекциски надзор заведено во Инспекциски совет арх.бр. 16-263/1 од 05.03.2025 година изготвен од д-р Благоја Гешоски – Член на Инспекциски совет.

Во предметното Барање, барателот навел дека бара препис од содржината на бараната информација да му се достави по пошта, препис и во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведените предмети, во прилог Ви доставуваме:

- Заверена копија – Налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор, арх.бр. 16-263/2 од 05.03.2025 година.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
Сара Николовска

Доставено:
- до барателот на информацијата (на е-адреса и по пошта);
- во архивата на Инспекцискиот совет

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор